Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број: 10-974/2
19.02.2021 година,Скопје

До: Македонско здружение за заштита при работа
ул.Востаничка бр.2 Скопје

Предмет : Барање информација

Почитувани,

Во врска со вашето барање информација доставено до нашиот орган, Државниот инспекторат за труд врши надзор врз примената на одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ" бр.92/07, 136/11, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 30/16,18/20) и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон. Нашиот орган при надзорите, утврдува дали работодавачот ги исполнил (имплементирал) своите обврски од областа на безбедност и здравје при работа.

Обврските од областа на безбедност и здравје при работа се обврски на работодавачот за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Напоменуваме дека обезбедувањето на мерките за безбедност и здравје при работа не смее да претставува финансиска обврска за вработените.

Обврските и работите од безбедност и здравје при работа утврдени со Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува. Ангажирањето на надворешни овластени правни или физички лица не го ослободуваат работодавачот од неговите обврски во оваа област.

Од друга страна, овластените правни или физички лица 2 пати годишно подлежат на контрола во работењето од страна на Државниот инспекторат за труд. Во надзорите кај нив, меѓу другото се контролираат и фактурите кои ги испорачуваат до клиентите односно дали тие фактури се во согласност со Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при

работа („Сл.весник на РСМ" бр.275/19). Фактурите кои ги испорачуваат овие овластени правни или физички лица треба да гласат до клиентот-работодавач.

Во нашата информација во врска со Вашето барање се придржуваме само во делот што се однесува на инспекциски надзор кај работодавачите и кај овластените стручни лица од областа на безбедност при работа. Доколку има и понатаму некои дилеми, Ве молиме да се обратите до Министервото за труд и социјална политика, Секторот за политики од областа на трудовото право и политики за вработување.

Со почит,

Изработил:
м-р Грозданка Тилева,
пом.главен инспектор
Согласен:
Тони Војнески,
главен инспектор

в.д. Д И Р Е К Т О Р

Јованка Тренчевска